ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0902-254/3
21.03.2022 год.
СКОПЈЕ

Пречистениот текст на Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст ги опфаќа: Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст (бр.0202-583/7 од 07.06.2018 година), Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст (бр.0202-1187/13 од 19.12.2019 година) и Одлуката за дополнување на Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст (бр.0202-552/1 од 15.06.2020 година)

Скопје, 18.03.2022 година

Комисија за статут и нормативни акти
на Црвен крст на РСМ

Претседател
Даут Селими с.р.

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ИМЕНУВАЊЕ И РАЗРЕШУВАЊЕ НА ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, СЕКРЕТАР НА ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ И СЕКРЕТАР НА ОПШТИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЦРВЕН КРСТ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат условите, критериумите, роковите и постапката за именување, престанок на мандат и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија /Секретар на Црвен крст на град Скопје / Секретар на Општинска организација на Црвен крст (во натамошниот текст: Генерален секретар/Секретар).

Член 2

Генералниот секретар е именувано лице од страна на Раководниот одбор на Црвениот крст на Република Северна Македонија и управува со Националното друштво.

Надлежностите, правата и обврските на Генералниот секретар се утврдени во Статутот на Црвениот крст на РСМ и во интерните акти на Црвен крст на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: ЦКРСМ).

Генералниот секретар по правило се именува за време од 4 (четири) години со можност за повторно именување и за својата работа одговара пред Раководниот одбор на ЦКРСМ.

Генералниот секретар може да биде разрешен и пред истекот на мандатот од Раководниот одбор на ЦКРСМ.

Раководниот одбор ако во претходно спроведена постапка согласно овој Правилник не именува Генерален секретар назначува Вршител на должност.

Член 3

Секретарот на Црвен крст на град Скопје/Општинска организација на Црвен крст (во натамошниот текст: ЦКГС/ООЦК) е именувано лице од страна на Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК, по претходно добиена согласност од Раководниот одбор на ЦКРСМ.

Надлежностите, правата и обврските на Секретарот се утврдени во Статутот на ЦКГС/ООЦК и во интерните акти во ЦКРСМ.

Секретарот по правило се именува за време од 4 (четири) години со можност за повторно именување и за својата работа одговара пред Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК и Генералниот секретар на ЦКРСМ.

Секретарот може да биде разрешен и пред истекот на мандатот од Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК.

Раководниот одбор, ако во претходно спроведена постапка согласно овој Правилник не именува секретар, назначува Вршител на должност по претходно добиена согласност од Генералниот секретар на ЦКРСМ.

## 2. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ

### 2.1 Услови и критериуми за именување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст

Член 4

Кандидатот за генерален секретар треба да ги исполни следните услови и критериуми:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да поседува доказ дека не му е одземена деловната способност,
- да има висока стручна подготовка,
- да има работно искуство од најмалку 5 години,
- да има активно познавање на еден од странските јазици кои се во официјална употреба во Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина,
- активно познавање на основните компјутерски програми,

- да поседува организациски и раководни способности за вршење на функцијата.

Во случај на исполнети услови од повеќе кандидати, за предност може да се смета познавањето и работата на организацијата на Црвениот крст, а при селекцијата и утврдување на предлогот Комисијата за организација, развој и човечки ресурси на ЦКРСМ (во натамошниот текст: Комисијата на ЦКРСМ) се води од резултатите од спроведеното интервју.

Член 5

Кандидатот за секретар на Црвен крст на град Скопје и секретар на Општинска организација на Црвен крст треба да ги исполнува следните услови и критериуми:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да поседува доказ дека не му е одземена деловната способност,
- да има висока или виша стручна подготовка,
- да има работно искуство од најмалку 2 години,
- активно познавање на основните компјутерски програми,
- да поседува организациски и раководни способности за вршење на функцијата.

Во случај на исполнети услови од повеќе кандидати, за предност се смета познавањето и работата на организацијата на Црвениот крст, како и активно познавање на еден од странските јазици кои се во официјална употреба во Меѓународното движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, а при селекцијата и утврдување на предлогот Комисијата за организација, развој и човечки ресурси на ЦКГС/ООЦК (во натамошниот текст: Комисијата на ЦКГС/ООЦК) се води од резултатите од спроведеното интервју.

## 2.2 Постапка за именување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Северна Македонија

Член 6

Раководниот одбор на ЦКРСМ донесува одлука за овластување на Комисијата на ЦКРСМ за објавување и спроведување на постапка за именување на Генерален секретар најдоцна во рок од 90 дена пред истекот на мандатот.

Комисијата на ЦКРСМ најдоцна во рок од 60 дена пред истекот на мандатот ја отпочнува постапката со објава/оглас на одлуката на огласна табла во Централната канцеларија на ЦКРСМ, и се доставува до ЦКГС и ООЦК за објавување на нивните огласни табли.

Објавата ги содржи условите и критериумите наведени во член 4 од овој Правилник и рокот од 8 (осум) дена за поднесување на пријава до Комисијата на ЦКРСМ.

Комисијата на ЦКРСМ по истекот на рокот од објавата во рок од 15 (петнаесет) дена ги разгледува пријавите на кандидатите, спроведува интервју со кандидатот-тите

кои ги исполнуваат условите и критериумите и поднесува Извештај со предлог за носител на функцијата Генерален секретар до Раководниот одбор на ЦКРСМ.

Раководниот одбор на ЦКРСМ во рок од 30 дена од поднесениот извештај со предлог од Комисијата на ЦКРСМ донесува одлука за именување на Генерален секретар.

Член 7

Централната канцеларија на ЦКРСМ во рок од 5 (пет) дена од денот на именување на Генерален секретар ги известува кандидатите кои поднеле пријава по огласот за именување на Генерален секретар, а кои не се именувани и ги известува кој кандидат е именуван, а воедно им ги враќа на кандидатите кои не се именувани оригиналните документи што ги доставиле како доказ за исполнување на бараните услови, а задржува копија од истите.

Кандидат кој не е именуван, а кој смета дека при именувањето бил направен пропуст на постапката, во рок од 8 (осум) дена од приемот на известувањето од страна на Централната канцеларија на ЦКРСМ може да поднесе приговор преку Комисијата до Раководниот одбор на ЦКРСМ.

Раководниот одбор на ЦКРСМ во рок од 15 (петнаесет) дена го разгледува и расправа по приговорот и мислењето на Комисијата на ЦКРСМ, и по него се произнесува.

## 2.3 Постапка за именување на Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст

Член 8

Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК донесува одлука за овластување на Комисијата на ЦКГС/ООЦК за објавување и спроведување на постапка за именување на секретар најрано 120 (стоидваесет), но не подоцна од 100 (сто) дена пред истекот на мандатот.

Комисијата на ЦКГС/ООЦК 90 (деведесет) дена пред истекот на мандатот ја отпочнува постапката со објава/оглас на одлуката на огласна табла во ЦКГС/ООСК а се доставува и до Централната канцеларија на ЦКРСМ за објавување на огласна табла.

Објавата/огласот ги содржи условите и критериумите наведени во член 5 од овој Правилник и рокот од 8 (осум) дена за поднесување на пријава до Комисијата на ЦКГС/ООЦК.

Комисијата на ЦКГС/ООЦК по истекот на рокот од објавата во рок од 15 (петнаесет) дена ги разгледува пријавите на кандидатите, спроведува интервју со кандидатот-тите кои ги исполнуваат условите и критериумите и поднесува

Извештај со предлог за носител на функцијата секретар до Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК.

Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК во рок од 30 дена од поднесениот извештај со предлог од Комисијата на ЦКГС/ООЦК донесува предлог - одлука за именување на секретар.

Член 9

ЦКГС/ООЦК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесување на Предлог - одлуката за именување на секретар ги известува кандидатите кои поднеле пријава по огласот за именување на секретар, а кои не се предложени за именување и ги известува кој кандидат е утврден, а воедно им ги враќа оригиналните документи што ги доставиле како доказ за исполнување на бараните услови, а задржува копија од истите.

Кандидат кој не е утврден како предлог, а кој смета дека при именувањето бил направен пропуст на постапката, во рок од 8 (осум) дена од приемот на известувањето од страна на ЦКГС/ООЦК може да поднесе приговор преку Комисијата на ЦКГС/ООЦК до Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК.

Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК во рок од 8 (осум) дена го разгледува и расправа по приговорот и доколку не го прифати го известува кандидатот со укажување дека доколку не е задоволен од истото во рок од 8 (осум) дена може да го поднесе приговорот до Раководниот одбор на ЦКРСМ.

Доколку до Раководниот одбор на ЦКРСМ е доставен приговор од кандидат, Раководниот одбор на ЦКРСМ при разгледување на барањето за добивање на согласност за именување на секретар на ООЦК/ЦКГС го има во предвид и поднесениот приговор.

Доколку постапката трае подолго време од рокот предвиден за завршување и мандатот на стариот секретар на ЦКГС/ООЦК истече, Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК назначува вршител на должност, по добиената согласност од Генералниот секретар на ЦКРСМ.

Член 10

Раководниот одбор на ЦКРСМ е должен во рок од 45 (четириесет и пет) дена од приемот на барањето да се произнесе по барањето за добивање на согласност за именување на секретар на ЦКГС/ООЦК. Доколку во тој рок не се произнесе по барањето, Раководниот одбор на ЦКРСМ расправа и се произнесува по правило на првата наредна седница.

Доколку Раководниот одбор на ЦКРСМ расправа по одреден приговор за пропусти во постапката од кандидат за секретар на ЦКГС/ООЦК или има сознание за направен пропуст, и Раководниот одбор и укажува на ЦКГС/ООЦК да го преиспита својот став, тогаш рокот за давање на согласност за именување на секретар на

ЦКГС/ООЦК се пролонгира до завршување на постапката по однос на приговорот или до отстранување на пропустите.

По добиената согласност од Раководниот одбор на ЦКРСМ, Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК донесува соодветна одлука.

ЦКГС/ООЦК има обврска да ја достави Одлуката за именување на секретар до Централната канцеларија на ЦКРСМ во рок од 3 (три) дена од денот на донесување на Одлуката.

## 2.4 Престанок на мандат и разрешување на Генерален секретар

### 2.4.1 Престанок на мандат на Генерален секретар

Член 11

На Генералниот секретар му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, ако:

- поднесе оставка;

- во случај на смрт;

- правосилно е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку шест месеци или на пократка казна за сторено дело кое го прави недостоен и го нарушува угледот на Црвен крст на РСМ.

- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата Генерален секретар или правосилно му е изречена казна забрана за вршење на дејност на раководна функција во Организацијата на Црвениот крст.

Престанокот на функцијата го констатира/утврдува Раководниот одбор на ЦКРСМ.

### 2.4.2 Разрешување на Генерален секретар

Член 12

Раководниот одбор го разрешува Генералниот секретар пред истек на мандатот во случај на сторени повреди кои се утврдени во интерните акти на ЦКРСМ, а особено поради:

- непрофесионално работење и несовесно извршување на функцијата;

- неспроведување на одлуки и програмски активности и неизвршување на задачи и политики на Собранието и Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ;

- конфликт на интереси.

Генералниот секретар се разрешува и поради исполнување на услови за старосна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, долготрајна тешка болест која го попречува во извршувањето на функцијата, како и кога ќе се констатира дека не ги исполнува програмските задачи и работи неуспешно последователно две години по ред, по спроведена евалуација од страна на Раководниот одбор на ЦКРСМ.

## 2.5 Престанок на мандат и разрешување на Секретар на Црвен крст на град Скопје/Секретар на Општинска организација на Црвен крст

### 2.5.1 Престанок на мандат на Секретар на Црвен крст на град Скопје/Секретар на Општинска организација на Црвен крст

Член 13

На Секретарот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран, ако:

- поднесе оставка;

- во случај на смрт;

- правосилно е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку шест месеци или на пократка казна за сторено дело кое го прави недостоен и го нарушува угледот на Црвен крст на РСМ;

- трајно ја загуби способноста за вршење на функцијата Секретар или правосилно му е изречена казна забрана за вршење на дејност на раководна функција во Организацијата на Црвениот крст.

Престанокот на функцијата го констатира/утврдува Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК.

### 2.5.2 Разрешување на Секретар на Црвен крст на град Скопје/Секретар на Општинска организација на Црвен крст

Член 14

Раководниот одбор го разрешува Секретарот пред истек на мандатот во случај на сторени повреди кои се утврдени во интерните акти на ЦКРСМ, а особено поради:

- непрофесионално работење и несовесно извршување на функцијата;

- неспроведување на одлуки и програмски активности и неизвршување на задачи и политики на Собранието и Раководниот одбор на Црвен крст на РСМ;

- конфликт на интереси.

Секретарот се разрешува и поради исполнување на услови за старосна пензија согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување, долготрајна тешка болест која го попречува во извршувањето на функцијата, како и кога ќе се констатира дека не ги исполнува програмските задачи и работи неуспешно последователно две години по ред, по спроведена евалуација од страна на Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК или Генералниот секретар на ЦКРСМ.

**2.6 Вршител на должност**

Член 15

Раководниот одбор на ЦКРСМ до именување на Генерален секретар назначува вршител на должност Генерален секретар за период од најмногу 6 (шест) месеци од редот на членството на Црвениот крст или вработените во стручната служба на Црвениот крст, но вкупното последователно назначување не може да изнесува подолго од 24 (дваесет и четири) месеци.

Член 16

Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК до именување на Секретар назначува вршител на должност Секретар за време од најмногу 6 (шест) месеци од редот на членството на Црвениот крст или вработените во стручната служба на Црвениот крст, но вкупното назначување не може да биде подолго од 24 (дваесет и четири) месеци.

За назначување вршител на должност Секретар потребна е претходна согласност од Генералниот секретар на ЦКРСМ.

Барањето за добивање на согласност за назначување на вршител на должност Секретар се поднесува најдоцна во рок од 3 (три) работни дена од денот на утврдување на Предлог Одлуката за назначувањето за вршител на должност. Генералниот секретар на ЦКРСМ е должен во рок од 5 (пет) работни дена од денот на добивањето на барањето да се произнесе по барањето. По добиената согласност од Генералниот секретар на ЦКРСМ, Раководниот одбор на ЦКГС/ООЦК донесува соодветна Одлука.

ЦКГС/ООЦК има обврска да ја достави Одлуката за назначување на вршител на должност Секретар до Централната канцеларија на ЦКРСМ во рок од 3 (три) дена од денот на донесување на Одлуката.

**2.7 Овластување поради отсуство**

Член 17

На барање на Генералниот секретар/Секретарот на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК или на иницијатива на Претседателот на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК, Раководниот одбор на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК може да донесе одлука со која ќе овласти друго лице од редот на членството на Црвениот крст или вработено лице во стручната служба на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК за замена на Генералниот секретар/Секретарот за одреден период во времетраењето на неговиот мандат, и тоа само во случај на:

- породилно отсуство,
- подолготрајно боледување, и
- друг вид на подолготрајно отсуство.

Во случаите од став 1 на овој член Раководниот одбор на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК носи одлука во која го опфаќа временскиот период на овластување, причините поради кое се овластува друго лице во тој период да ја врши функцијата на генерален секретар/секретар и обемот на овластувањето.

Во временскиот период во кој трае овластувањето согласно Одлуката на Раководниот одбор на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК, Генералниот секретар/Секретарот кој се заменува со Одлуката не смее да превзема никакви активности и дејствија во правниот промет кои произлегуваат од неговиот мандат како генерален секретар/секретар согласно Статутот и интерните акти на ЦКРСМ и како одговорно и овластено лице на ЦКРСМ/ЦКГС/ООЦК.

За донесување на Одлука за овластување на лице за замена на секретар на ЦКГС/ООЦК се применуваат одредбите од член 16 став 2, 3 и 4 на овој Правилник со кои се разработува постапката за добивање на согласност и назначување на ВД секретар на ЦКГС/ООЦК.

## 3. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 18

Измени и дополнувања на овој Правилник се вршат во постапка како и за негово донесување.

Член 19

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Член 20

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на општинска организација на Црвен крст – пречистен текст (бр.0202-412/3 од 28.03.2017 година) и Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за критериуми за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија, Секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на Општинска организација на Црвен крст (бр. 0202-1046/4 од 18.10.2017 година).